# Екипно Европско Првенство во Шах, 2023 година

На екипното европско првенство во шах кое се одржа во Будва, Црна Горан во период од 11 до 20 ноември, Македонија беше претставена со две репрезентации.

Репрезентацијата во Опен (машка) конкуренција настапи во состав:
ИМ Николовски Никола – рејтинг 2405
ФМ Ристески Емил – рејтинг 2379
ИМ Панчевски Филип – рејтинг 2441
ИМ Лазов Тони – рејтинг 2377
ФМ Велјаноски Андреј – рејтинг 2289

Селектор: Атанас Кизов

Репрезентацијата во женска конкуренција беше во состав:
ЖФМ Стојковска Моника – рејтинг 2047
Манова Ивана – рејтинг 1941
Петровска Катерина – рејтинг 1844
Сања Трајковска – рејтинг 1844
Жежовска Моника – рејтинг 1722

Селектор: Љубиша Андоновски

По одиграните девет кола машката репрезентација беше пласирана на 34-тото место, што е за две места подолу од стартниот ранг, додека женската репрезентација се пласираше на 27-мото место, 5 места подобро од стартниот ранг.

Машката репрезентација настапи во подмладен состав и од 9 меча успеа да извојува победи во 3 меча и да освои 6 бода и 14 меч поени. За истакнување е одличната игра на Тони Лазов кој ги одигра сите партии на ова првенство и од 9 партии освои 6.5 поени (4 победи, 5 ремија) со тоа го освои првиот бал за велемајстор и 26 нови рејтинг поени.

Женската репрезентација извојува победи во 3 меча, еден изигра нерешено и доживеа 5 порази, освои 7 бода и 12.5 меч поени. Фактот дека сите претставнички на Македонија се враќаат од првенството со повеќе рејтинг поени е доказ дека играле борбено со желба за подобар резултат. Најмладата Моника Жежовска оствари најдобар резултат и со 4 поени од 6 партии и нови 98 рејтинг поени на своето салдо е најдобра во нашиот женски состав.

Останува впечатокот дека двете репрезентации одлично се бореа, може да бидеме задоволни од постигнатото, но недостасува искуство и треба повеќе работа за да може да очекуваме подобри резултати.